

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

ОУ„МАРКО ЦЕПЕНКОВ”

Зелениково

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

ОВА УЧИЛИШНО ГЛАСИЛО ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЈА ДОБЛИЖИ РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ДО ВАС, ПА ЗАТОА ОДВОЈТЕ МАЛКУ ВРЕМЕ ДА СЕ ЗАПОЗНАЕТЕ СО РАБОТАТА НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, СО НАСТАВНИЦИТЕ , СО УЧЕНИЦИТЕ...



Редакција
Уредува и издава: ОУ,,Марко Цепенков”
Одговорен уредник: Љупка Продановска
Лектура: Македонка Стојаноска
Печати:

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

- ВОВЕД
- МИСИЈА И ВИЗИЈА
- НАШИОТ ПАТРОН МАРКО ЦЕПЕНКОВ
- ЗБОР ДВА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО
- ИСТОРИЈАТ
- ИНТЕРАКТИВНИ ДЕНОВИ
- НАГРАДИ
- ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ НАУЧНИ ПОСЕТИ
- ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ
- ЕКО УЧИЛИШТЕ
- МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО
- АНГЛИСКО-ГЕРМАНСКО КАТЧЕ
- ИНТЕРВЈУА СО УСПЕШНИ УЧЕНИЦИ
- СТАТИЈА
- УЧИЛИШНИ АНЕГДОТИ
- ЕНИГМАТИКА
- ПОЕТСКИ ТВОРБИ

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

Мотото на училиштето

„Со нови чекори до нови повисоки цели”

МИСИЈА

Нашето училиште ги промовира вредностите и темелите на квалитетно образование, овозможува стекнување знаење, умеење и вештини на сите ученици без разлика на пол, верска и етничка припадност и социо-економски статус, психофизичка способност и можност.

ВИЗИЈА

Нашето училиште со своите мултиетнички сегменти да се усовршува, осовременува, надоградува и да чекори кон современите европски училишта во кои вредностите и стекнатите знаења, умеења и вештини ќе им го подобрат квалитетот на живеењето на учениците. Генерациите ќе продолжат да чекорат по животнитот пат горди што биле дел од ова училиште.

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА



Нашиот патрон МАРКО ЦЕПЕНКОВ

Марко Цепенков е роден на 7 ноември 1829 година во Прилеп, во сиромашно семејство кое води потекло од прилепското село Ореовец.

Заради тешката материјална состојба, основно образование учел само една година, а потоа продолжил да го учи терзискиот занает.

Во периодот 1856-57 година почнал да собира народни умотворби, поттикнат од како што самиот вели, Димитар Миладинов.

Придонесот на Цепенков е од големо значење и важност, како за македонската литература така и за развојот на македонската етнографија и култура.

Изнемоштен, напуштен и заборавен, во крајна беда, Марко Цепенков умрел на 29 декември 1920 година во Софија, каде што е и погребан.

Од сите собирачи на македонското народно творештво, Марко Цепенков има најдолга запишувачка практика- повеќе од 40 години собирал народни умотворби. Освен тоа, за разлика од другите најистакнати собирачи на македонски народни умотворби - браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев, Стефан Верковиќ, кои во својот фонд собрани фолклорни материјали имаат и такви што ги добиле од други запишувачи, Марко Цепенков лично самиот ги запишал своите фолклорни и етнолошки материјали.

По вкупниот фонд и по жанровската разновидност, Цепенков е најзначајниот собирач на македонски народни умотворби.

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

Почитувани ученици, вработени, родители и сите вљубеници во убавиот пишан збор. Пред вас е новиот број на нашиот училишен весник ,,Зеленика”.

Нашето училиште нуди квалитетна настава вклучувајќи нови современи наставни сретства, примена на креативни форми и методи.
Учениците и наставниците се вклучени во проекти кои го организира МОН, Бирото за развој на образованието, како и други субјекти во општеството.
Учествуваме во активности на општинско, регионално и државно ниво. За сите случувања во нашето училиште ќе се запознаете читајќи го новоит број на нашиот весник ,,Зеленика”







УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

Историјат

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

На одалеченост од околу 25км. од градот Скопје се наоѓа општината Зелениково,која е сместена во северниот дел на Р.Македонија, поточно во крајниот југо – источен дел на Скопската котлина по средното течение на реката Вардар. Во оваа општина воспитно-образовната дејност се изведува во О.У.„Марко Цепенков“. О.У.„Марко Цепенков“-Зелениково е изградено во 1980година со средства од самопридонест на граѓаните.Воспитно-образовниот процес во овој крај започнува по повоениот период , поточно 1955 до IVодд. а веќе во 1956 година и доVIIIодд. во тогашната училишна зграда каде денес е сместена амбулантата на општина Зелениково. Денес О.У.„Марко Цепенков“-Зелениково е современо деведгодишно основно училиште кое располага со 2. 960м2 училишен простор, во кој спаѓаат 12 училници, 5 кабинети, училишна библиотека, филскултурна сала, административни простории, чајна кујна и работилница за хаус-мајстор. Училиштето има уреден двор со зелена површина како и асфалтирано спортско игралиште.



Централното основно училиште ги опфаќа учениците од Станица Зелениково, с.Зелениково ,с.Пакошево, с.Ново Село, а подоцна од VI одд. и учениците од с.Орешани, и с.Таор. Во составот на училиштето од оваа учебна година ќе работат четири подрачни училишта сместени во околните населени места на одалеченост од 2,5 до 13км од Централното училиште. Подрачни училишта се: Страхојадица, Смесница и Вражале, во кои наставата се изведува на албански наставен јазик во комбинирани паралелки,додека во Подрачното училиште во с.Орешани наставата се изведува само во одделенска настава на македонски наставен јазик. Оваа учебна година во ОУ.„Марко Цепенков“ наставата ја посетуваат вкупно 348 ученици, распоредени во 31 паралелка.

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

ИНТЕРАКТИВНИ ДЕНОВИ

ПРИРЕДБИ

Учениците од I одделение на првиот училишен ден беа пречекани од своите повозрасни другарчиња со песна, игра и драматизација



По повод **патрониот празник** на училиштето приготвивме кратка програма на тема ,, Детето денес-иднината утре" со која се претставивме пред присутните гости.



Работилници, базари хепенинзи



Во текот на годината се одржуваат повеќе работилници, базари и хепенинзи. Во работилниците.

Хепенинзите и базарите се одржуваат пред новогодишните и велигденските празници.

Детска недела

Мото - ,,Детето денес – Иднината утре"

Во рамките на Детската недела која е манифестација наменета за децата, и се реализира во период од 06.10-10.10.2025 год, се спроведуваат низа активности со учениците. Во нашето училиште се реализираа активности.





УЧИЛИШЕН ВЕСНИК **ЗЕЛЕНИКА**

Воннаставни активности



На 9-ти мај 2025 година, нашето училиште зема активно учество во големата пролетна акција за чистење наречена "Генералка викенд". Бирото за развој на образованието ја организира активноста Еко час. Целта на Еко часот е да ја поврземе практичната работа на терен со наставата, бидејќи веруваме дека грижата за животната средина се учи и преку настава и преку активно учество во акции за чистење, пошумување и зачувување на природата.





По повод 1 Октомври – Меѓународен ден на постарите лица, учениците од училишниот клуб " Црвен крст" го посетија домот за стари лица „Панада" каде имаа низа активности. Учениците читаа лични творби посветени на постарите лица, изведоа музички точки и ги запознаа присутните

со раѓањето на идејата за формирање на Црвениот крст.



УЧИЛИШЕН ВЕСНИК **ЗЕЛЕНИКА**

Награди



Првенец на генерација 2024/25

Со одлука на Наставничкиот совет при ООУ “Марко Цепенков”, Зелениково, за првенец на генерацијата 2024/2025 година е прогласена ученичката Лела Николовска.
И честитаме на Лела и и посакуваме среќно запишување во средно училиште со желби за многу успешни постигнувања во понатамошното образование и убави моменти во нејзината иднина.

Ликовен и литературен конкурс

По повод патрониот празник ,во месец октомври беше распишан ликовен и литературен конкурс на тема “Детето денес- иднината утре “на кој зедоа учество голем број на ученици.

Најдобрите творби беа избрани и наградени со скромни награди .







УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

Екскурзии и други научни посети

Учениците од IX одделение со класните раководители ја изведоа тридневната екскурзија при што посетија многу споменици на културата и туристички места.

Оттаму се вратија со многу импресии кои ни ги пренесоа прек галерија од фотографии.





Секоја година ученици од нашето училиште се гости ва Македонската Радио Телевизија, во контактната емисија **Голем одмор**. Се претставија со музичко-ритмичка точка, драмски настап, учество во квиз и слично.

Учениците од шесто одделение го посетија Археолошкиот локалитет Таоресиум.

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

Почитувани ученици, вработени, родители и сите вљубеници во убавиот пишан збор. Пред вас е новиот број на нашиот училишен весник ,,Зеленика".

Нашето училиште нуди квалитетна настава вклучувајќи нови современи наставни сретства, примена на креативни форми и методи.
Учениците и наставниците се вклучени во проекти кои го органозира МОН, Бирото за развој на образованието, коако и други субјекти во општеството.
Учествуваме во активности на општинско, регионално и државно ниво. За сите слушувања во нашето училиште ќе се запознаете читајќи го новоит број на нашиот весник ,,Зеленика"



УЧИЛИШЕН ВЕСНИК **ЗЕЛЕНИКА**

ЕКО УЧИЛИШТЕ

ЕКО АКЦИЈА „ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ“

ЕКО АКЦИЈА „ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ“

Во рамките на предвидените активности за работа на Еко одборот за оваа учебна година се вклучи во одбележувањето на светскиот “Ден без автомобили “. Целта на оваа активност е промоција на алтернативните форми на сообраќај како пешачење, велосипедизам, користење на јавен превоз и подигање на јавната свест за зголемена употреба на овие алтернативни форми на сообраќај. Акцијата во нашето училиште се одбележа со неколку активности.

Во одделенска настава денот беше одбележан со истакнување на целта на овој ден од страна на одделенските наставници и изработка на ликовни творби на оваа тема од страна на учениците.

По завршувањето на наставата учениците од Еко одборот и еко патролите изведоа активности на полигон , возејќи везосипеди и ролерки.





Во текот на месец декември , за Деновите за борба против гладта, се спроведе акција за собирање на храна.

Акцијата беше успешно спроведена и помошта пристигна онаму каде што имаше најмногу потреба.

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

Во рамките на предвидените активности за работа на Организацијата на Црвен крст при нашето училиште за оваа учебна година,а по повод 18 октомври – Светскиот ден за борба против трговија со луѓе, од страна на Црвен крст на РС Македонија ОО Кисела Вода се одржа предавање за нашите ученици на оваа тема.





Во рамките на предвидените активности за работа на Организацијата на Црвен крст при нашето училиште за оваа учебна година,по повод месецот на борба против болести на зависности на 20.11.2024 година се одржа едукативно предавање на оваа тема. Целта е да се подигне свеста за последиците од овие зависности и превентивно да се делува.

Грижата за нашата татковина се покажува со дела. За повторно да ни биде зелена нашата Македонија дел од членовите на училишниот Црвен крст овојпат со засилување со дел од членовите од GLOBE клубот учествува во акцијата “10000 дрва позелено“ организирана од Хуманитарната организација Св. Спас и компанијата Johnson Matthey.



УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО





Нашето училиште активно е вклучено во проектот за Мултиетничка интеграција во образованието. Согласно насоките, наставниците планираат и изведуваат активности кои ги интегрираат сите субјекти во училиштето, вклучувакќи ги не само етничките, туку и националните и половите субјекти. Честите дружења на учениците од централното и подрачните училишта придонесува за зближување и меѓусебна соработка за понатамошното образование. Така, на 23, декември се одржа МИМО работилница на тема: ,,Воз од желби", а одговорни наставници беа Весна Стојковска и Фата Ала.



УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

ИНТЕРВЈУ ...со наши поранешни успешни ученици...

,,Кои ти се најдраги спомени од основното образование?"
Како да беше многу одамна. Се сеќавам на периодите кога седевме на надворешните скали кај спортската сала после часови. На тридневната екскурзијата во 8мо одделение. На одморите помеѓу часови по ходниците ги пеевме песните актуелни за тоа време. На часовите по физика, хемија и математика на кои решававме задачи.
,,Како ја избра професијата лекар?"
Додека бев средно образование (а можеби и порано) гледав медицински тв серии и серии со криминални истраги. Првично сакав да бидам форензичар не знаејќи ја разликата со форензички патолог. Како што поминуваше времето интересите се сменија и посакав да бидам како еден лик Аризона Робинс, детски хирург. Овие серии ми ја разбудија љубопитноста за начинот на поставување на дијагнозите и лекувањето.
Дополнително влијание имаше и мојот матичен педијатар. Гледајќи ја како се однесува со пациентите и нејзината посветеност кон нив сфатив дека и јас сакам да им помагам на луѓето. Истовремено ме убедуваше и јас да станам педијатар.
Исто така една од причините е и лично негативно искуство со медицински персонал кој несоодветно си ја извршуваше својата работа.



,,Твои идни планови?"
Планирам да запишам специјализација по интерна медицина. По завршувањето за почеток би сакала да отворам своја специјалистичка ординација. Втората опција е да се вработам во државна здравствена институција и да станам асистент.
,,Порака на идните генерации?"
Никогаш не се откажувајте. Продолжете да го правите она што сакате. Дури и кога сте на дното. Земете некој ден одмор, поминете време со семејството, другарите се додека не се почувствувате повторно среќни. Утрешниот ден можеби ќе е подобар.

МАРКО ЦЕПЕНКОВ

УЧИЛИШЕН ВЕСНИК **ЗЕЛЕНИКА**

АНГЛИСКО-ГЕРМАНСКО КАТЧЕ





- Guter Rat ist teuer !

- Im Wein liegt die Wahrheit !

- Es kommt alles wie es kommen soll !

-Für jeden Topf gibt es einen passenden Deckel !

- Dummheit tut weh !









УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

УЧИЛИШНИ АНЕГДОТИ

- Гледам многу ти се зборува, ајде раскажи ја последната лекција.
- Денес децата ќе вежбаат демократија - ќе бираат претседател, благајник и секретар на класот. И за 2-3 месеци ќе го сменат

ЕНИГМАТИКА







УЧИЛИШЕН ВЕСНИК ЗЕЛЕНИКА

ПОЕТСКИ и ЛИКОВНИ



Есен

Есента жолто-златна
Ги обои своите платна.

Ни донесе зрели плодови
Свои најубави дарови.

Облаците тешки и сиви
За дожд спремни, темни се и диви.

Ветришта лисјата ги носат
Ќе остана дрвјата без коса.

Природата поспана, дреме
Есента пижама и спрема.

